РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

11-183/2
07-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 41-а став 8 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100–та седница одржана на 06.02.2024 година го усвои следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
за антикорупциска проверка на
член 80 од Законот за јавните набавки

**Наслов:**

- Член 80 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и бр.87/2021).

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**
По сопствена иницијатива, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019) а одлучено на колегиум одржан на 09.021.2024 година.

**Област:** Финансии

**Генерална оценка**

1. **Осврт на барањето :**
   Со овој закон се уредуваат начинот и постапките за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки, надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита во постапките за јавни набавки, како и правната заштита во постапките за доделување концесии и договори за јавно приватно партнерство.

2. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**
   - **Прирачник за јавни набавки издаден од страна н Бирото за јавни набавки**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930https://www.dksk.mk

- **Извештај бр.37 од мониторингот на јавните набавкииздаден од Центар за граѓански комуникации**

Државната Комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од споменатиот закон, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Државната комисија за спречување на корупцијата, по извршената анализа и оценка на легислативата кои ја уредуваат дадената област согласно, констатира двосмисленост и правни недостатоци или празнини во поглед на превенција од ризици од корупција.

**Образложение**

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019), спроведе антикорупциска проверка на член 80 од Законот за јавните набавки и го утврди следното:

Со членот 80 од Законот за јавни набавки односно со ставот (1) се уредува дека Договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки.

Обврска која произлегува од ова одредба е лицето кое ќе работи на јавните набавки да биде вработено кај договорниот орган, да биде обучено и да има соодветна потврда за положен испит за вршење на работите од областа на јавните набавки. Доколку одговорниот орган поседува организациски облик за вршење на јавните набавки, сите лица од организзациониот облик треба да имат потврда за положен испит, а ова дополнително се уредува со ставот 2 од истиот член каде што е наведено дека лицето од ставот (1) на овој член е лице кое има стекнато најмалку 180 кредити според ЕКТС, односно завршен VI/1 степен на образование **и кое има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.**

Член 77 став 2 кој гласи „Со одлуката за јавна набавка се утврдува предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка и се назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно„

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisëseVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930 https://www.dksk.mk

Отука со оглед на тоа дека законодавецот одвоено ја набројува прво комисијата а потоа надворешните стучни лица може да се заклучи дека надворешни стручни лица се лица кои не се членови на комисија, истите на комисијата треба да и помогнат во проверката и евалуацијата на техничките и финансиските понуди. Како такви тие немаат право да одлучуваат.

Следствено на ова односно ако се надоврзуваме со членот 80 ставот 3 каде е предвидена обврската лицето за јавни набавки да поседува потврда за положен испит за јавни набавкии од друга страна со ставот (3) каде такстаивно се наведени работи кои тие треба да ги извршуваат а тоа е обврската да **учествува како член во комисијата** кај постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи, исто така јасно наведува дека член на комисија, а со тоа и лице за следење на јавни набавки, не може да биде надворешно стручно лице.

И покрај изнесеното, во пракса членот 80 став 2 различно се применува од голем број на институции од причина што во истиот не е наведено јасно и прецизно обврската на Договорниот орган при определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од обласа на јавните набавки истиот да биде вработен во институцијата односно во Договорниот орган во кој ке биде назначен за лице за вршење на работите од јавните набавки.

Следствено на ова Државната комисија за спречување на корупција предлага измена во овој дел од законот, со цел да не се создаде простор за различно толкување и ги предлага следните:

**Заклучоци и препораки:**

**- Измена на член 80 став 2 која ќе гласи:**

**„Лицето од ставот (1) на овој член да е е вработено во договорниот отрган, кое има стекнато најмалку 180 кредити според ЕКТС, односно завршен VI/1 степен на образование и кое има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.„**

Се препорачува доследно да се применат законските одредби односно Договорните органи да го почитуват Законот како и правилникот за јавни набавки издаден од страна на Бирото за јавни набавки при определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од обласа на јавните набавки а ова согласно Законските надлежности кои ги има Бирото за јавни набавки со член 45 меѓу кои и - иницира предлози за донесување законски и други акти од областа на јавните набавки до министерот за финансии како и дава

мислења во врска со одредбите и примената на овој закон и ги прави достапни до јавноста на неговата веб-страниц.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**

**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател,**

**Билјана Ивановска**

**Изработил: Арта Сали**